ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

"Ферид Бајрам" 39, 1000 Скопје
Република Македонија
тел./факс: 02/ 31 21 100
www.transparency-mk.org.mk

# СООПШТЕНИЕ
## По повод последниот скандал врзан за министерот за правда Михајло Маневски

Информациите дека министерот за правда **Михајло Маневски** четири месеци, во периодот од 1 јануари до 1 мај оваа година, спротивно на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, примал и плата и пензија, е најновиот политички и правен скандал врзан за името на овој министер. Дополнително шокира обидот на служби во Владата ваквиот криминал да се прикрие со фалсификување на документи, односно ретроактивно одјавување на министерот од платниот список во мај 2009 г. при што Маневски е претставен како "хонорарец или волонтер во Владата".

*Транспарентност Македонија* сака да ја потсети јавноста дека ова е само еден од низата скандали предизвикани од министерот Маневски.
ТМ подолго време предупредува за систематското мешање и грубите притисоци од страна на министерот Маневски во работата на македонското судство. Маневски е еден од главните креатори на грдата пракса за „*телевизација* на судството", каде осомничени граѓани, заради политичките и партиските потреби на владејачката гарнитура во државата, во изминатите три години како најлоши криминалци беа шетани пред медиумите за време на нивните приведувања во судовите, без претходно во предвидена постапка да се утврди нивната евентуална вина.
Маневски е и еден од главните фактори за политички и друг притисок врз судството во стотици случаи за одредување притвор за осомничени, кога за такви мерки не постоеја издржани законски основи. Во мандатот на Маневски се случија десетици недообмислени и набрзина донесени закони кои подоцна беа срушени од Уставниот суд на РМ, што говори за несолидноста, исполитизираноста и непрофесионалноста во градењето на правниот амбиент во земјава, на чие чело е министерот за Правда."

За првпат во историјата на демократска Македонија, Европската комисија во своите редовни извештаи за напредокот на земјата во процесот на интегрирање кон ЕУ директно и отворено го прозва министерот Маневски дека политички се меша во независноста на судството. И во новиот извештај на ЕК исполитизираноста и застојот на реформите во секторот Правда ќе биде една од главните точки на критика за работата на Владата на г. Никола Груевски. Претходниот скандал со одбивањето на сопругата на г. Маневски, судијката во Апелациониот суд, г-ѓа Филимена Маневска, во законскиот рок да замине во пензија, само говори дека

министерот Маневски, наместо да биде „Олимпот" на македонскиот правен систем, всушност е најголемата и систематска закана по неговата стабилност, независност, професионалност и интегритет.

**Имајќи го сето ова предвид, *Транспарентност Македонија* го повикува министерот Маневски итно да си поднесе оставка, а јавниот обвинител на РМ Љупчо Шврговски да го преиспита случајот и да поднесе кривична пријава против министерот, согласно чл. 355 од ЗКП ("измама во служба"), како и да ја испита вмешаноста на други лица во фалсификување документи и помагање во вршење кривични дела.**

30 јуни 2009

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА**